

# СКРИЕНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА:

## ВРЕМЕ Е ИНСТИТУЦИИТЕ, ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР И ОПШТЕСТВОТО ЗАЕДНО ДА ОДГОВОРАТ

Повтори по мене:

**ЈАС НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ НА ПРИСИЛЕН БРАК**

ОТВОРЕНА ПОРТА
AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING

# ОПИС НА ПРОБЛЕМОТ НА ПРИСИЛНИ БРАКОВИ

Во Северна Македонија, детските и присилните бракови се сериозен и постојан проблем, особено во заедници погодени од сиромаштија, ниско образование и социјална исклученост. Овие бракови најчесто ги засегаат девојчињата од ромската заедница и руралните подрачја, кои под притисок на семејството, економски фактори или културни норми, се вовлекуваат во неформални заедници без согласност, права или институционална заштита.

Иако присилниот брак е препознаен како форма на трговија со луѓе и дете во Кривичниот законик, во пракса ретко се процесуира на овој начин. Во исто време, дозволата за склучување брак со 16 години, со судско одобрување, преставува можност за формализирање на присилата.

# КЛУЧНИ ПОДАТОЦИ

- На пописот во 2021 година, 1.355 девојчиња (15–19 години) изјавиле дека се мажени.
- Според Пописот 2021, 1.9% од девојките на возраст 15–19 години изјавиле дека родиле едно или повеќе деца, при што највисок процент на адолесцентски раѓања е забележан кај девојчињата од ромска етничка припадност – 13,1%.
- Според Извештаите на Националната комисија во 2018, 2019, 2021 и 2022 година се евидентирани случаи на присилен брак, со највисок број во 2022 година (6 од вкупно 9 случаи на трговија со луѓе и дете).
- Присилните браковите најчесто се склучуваат меѓу девојчиња на возраст од 9 до 17 години.
- Присилните бракови се најчесто регистрирани во Скопје, Велес, Тетово, Куманово и Гостивар.
- Најзасегнати се девојчињата од ромската заедница и Јуруците, а во помал обем и девојчиња од албанската популација.
- Во сите (16) случаи се присутни економска принуда, емоционално и физичко насилство, и отсуство на институционална реакција (2017 – 2023 година).
- Дури и кога жртвата ја пријавува состојбата, институциите често не реагираат соодветно и ја враќаат во насилната средина.

# ЕДЕН СЛУЧАЈ ШТО КАЖУВА СЀ...

14-годишна девојка од ромска заедница, двапати присилена на брак од својата мајка и очув. Двата брака биле склучени во странство. Девојчето било горено со цигари, заклучувано, лишено од храна и изолирано од надворешниот свет. По престој во засолниште, институциите не покренале постапка - ја вратиле дома.

# ПЕТ СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ

## 1. Законска и институционална реформа

За да се воспостави ефективна правна рамка за заштита на децата од присилен брак, неопходно е да се регулираат постојните правни празнини. Присилниот брак сè уште не е кривично дело само по себе, што значи дека најчесто не се гони, освен ако не е поврзан со трговија со луѓе, категорија што институциите ретко ја применуваат. Дополнително, правната можност за склучување брак на 16 години со судско одобрение остава простор за формализирана присила и легализирање на експлоатацијата. Само со јасна инкриминација на присилниот брак и забрана на сите форми на брак пред 18 години може да се воспостави систем што ги штити жртвите, а не сторителите.

## 2. Сигурно пријавување и рана идентификација

Девојчињата изложени на ризик од присилен брак ретко пријавуваат, не само поради страв од семејството, туку и поради тоа што немаат на кого да се обратат или не знаат дека имаат право на заштита. Професионалците - наставниците, социјалните работници, здравствените работници, полицијата – не се секогаш подготвени да го препознаат ризикот, особено кога станува збор за културолошки нормализирани практики. Затоа, клучно е да се воспостават обуки за препознавање и постапување, како и да се овозможи безбедно, доверливо и достапно пријавување, особено за децата. Воедно, образовните институции треба да бидат активен партнер во информирањето на учениците и родителите за нивните права и ризиците од присилен брак и трговија со луѓе.

## 3. Ефикасни истраги и институционална координација

Во најголем број случаи, институциите реагираат дури откако ќе дојде до пријава, и тоа не секогаш соодветно. Истрагите често се базираат исклучиво на сведочења од жртвата, без поддршка од други докази, а координацијата меѓу полицијата, обвинителството, социјалните работници и училиштата е слаба и неконзистентна. Наместо реактивен пристап, потребна е соработка што ќе овозможи рано откривање на случаите, со тимови кои се обучени и подготвени за соодветно постапување. Само со постојани и специјализирани истражни тимови и со воспоставени, задолжителни протоколи за меѓуинституционална соработка, може да се обезбеди ефикасна и правично спроведена истрага.

## 4. Поддршка што не завршува со бегството

Заштитата на жртвите не смее да заврши во моментот кога тие ќе побегнат од присилен брак. Напротив, токму тогаш почнува потребата од долгорочна поддршка. Многу девојчиња немаат каде да одат, немаат пристап до документи, образование или здравствена заштита, а често се вратени во средини каде што повторно се изложени на ризик. За да се обезбеди безбедно закрепнување и можност за нов почеток, државата мора да гарантира постоење на културолошки соодветни засолништа, преодно домување, психолошка и правна поддршка, како и стабилно финансирање на организациите кои ја овозможуваат оваа поддршка. Исто така, неопходно е да се воспостават програми за следење и поддршка на процесите за реинтеграција, за да не се дозволи враќање во кругот на насилство.

## 5. Превенција во заедниците каде што ризикот е најголем

Превенцијата не може да се спроведува преку општи кампањи. Потребен е директен теренски ангажман со заедниците во кои присилните и детските бракови се најчести, особено ромските и руралните средини. Промената на ставовите мора да започне одвнатре, преку работа со родители, млади и локални лидери. Традиционалните и верските авторитети имаат клучна улога во нормализирањето или менувањето на овие практики, и мора да бидат вклучени како партнери. Дополнително, училиштата треба да имаат активна улога преку следење на напуштањето на образованието, кое често е првиот индикатор за ризик од ран брак или трговија со луѓе. Без континуирана превенција насочена кон конкретни заедници, системот секогаш ќе реагира доцна.

# ПОВИК ЗА АКЦИЈА

Секој изминат ден значи уште една жртва на присилен брак оставена без заштита. Ова не е прашање на традиција - туку на човекови права. Потребна е итна, координирана и институционална реакција. Северна Македонија има преземено обврски според меѓународните и регионални инструменти за човекови права - време е тие да се спроведат, со конкретни мерки, буџетски средства и политичка волја.

Целосната верзија на Анализата за присилни бракови за 2025 година е достапна на нашата веб страна **www.lastrada.org.mk** **SOS: 0800 11111**

Проектот „Подобрување на превенцијата и поддршката за жртвите на присилни бракови", е поддржан од Амбасадата на Република Франција во Северна Македонија (FEF-R инструментот).

AMBASSADE DE FRANCE EN MACÉDOINE DU NORD
*Liberté Égalité Fraternité*

Ко-финансирано од Европска Унија

ОТВОРЕНА ПОРТА AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING

La Strada INTERNATIONAL